РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК

Ул.Св.Кирил и Методиј 6.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 09-34/2
Скопје: 05.11.2014

**До: Здружение на приватни лекари на Република Македонија,**
**ул. Народен фронт бр.21 Скопје,**

**преку Др. Лилија Чолакова Дервишова**
**ул. Благој Ѓорев 159 Велес**

**Предмет: Доставување на Заклучок за поведување на прекршочна постапка**

Почитувани,

Во прилог Ви се доставува Заклучок за поведување на прекршочна постапка на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 09-34/2 од 12.06.2012 година.

Согласно член 40 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата доколку некои од податоците доставени во одговор на Заклучокот,претставуваат деловна тајна, претпријатијата се должни истите јасно да ги означат и да го назначат правниот основ за нивното означување како деловна тајна.

Согласно член 40 став (5) при доставувањето на податоци кои претставуваат деловна тајна, претпријатијата се должни до Комисијата за за одлучување по прекршок да достават еден примерок со вклучени податоци кои претставуваат деловна тајна (доверлива верзија) и еден примерок во кој ќе бидат избришани податоците кои претставуваат деловна тајна (недоверлива верзија).

Согласно член 40 став (6) доколку претпријатијата не постапат согласно став (5) од истиот член и достават само доверлива верзија на бараните податоци, со означување на податоците кои претставуваат деловна тајна, Комисијата за одлучување по прекршок ќе побара доставување и на недоверливата верзија на бараните податоци во рок од 3 дена од денот на приемот на податоците. Доколку претпријатијата во тој рок не достават недоверлива верзија на бараните податоци, Комисијата за одлучување по прекршок ќе смета дека доставените податоци не содржат податоци кои претставуваат деловна тајна.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 09-34/2
Скопје: 05.11.2014

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 32 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ" бр.145/10, 136/11 и 41/14) Комисијата за одлучување по прекршок, во состав: Чедомир Краљевски - Претседател и Благој Чурлинов и Насер Жарку – членови постапувајќи по барање на Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата против Здружение на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, застапувано од Лилија Чолакова – Дервишова - претседател, а заради утврдување на сторен прекршок од член 61 став (1) точка 1)од Законот за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 03.11.2014 година го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

### за поведување на прекршочна постапка

1. **Се поведува прекршочна постапка против Здружение на приватни лекари на Република Македонија**, со седиште на ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 и единствен даночен број 4030997339917, застапувано од Лилија Чолакова – Дервишова - претседател заради непостапување по заклучокот бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претствува **прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. **Се задолжува Здружение на приватни лекари на Република Македонија**, согласно член 40 од Законот за заштита на конкуренцијата да ги достави до Комисијата за одлучување по прекршок следните податоци:

   - Извод од Централен регистар за тековна состојба;
   - Биланс на успех за 2013 година и
   - Податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент - банка.

3. Бараните податоци од точка 2) на овој заклучок да се доставаат во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на заклучокот до Комисијата за заштита на конкуренцијата - Комисијата за одлучување по прекршок, на адреса: Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ™ кат), 1000 Скопје.

4. Недоставување на податоците од точка 2) од овој заклучок во бараниот рок од точка 3) од овој заклучок, како и доставувањето на неточни, нецелосни или податоци кои можат Комисијата за одлучување по прекршок да ја доведат во заблуда претставува прекршок согласно член 61 од Законот за заштита на конкуренцијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## Образложение

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата со Допис бр 09-251/3 од 29.10.2014 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата достави барање за поведување на прекршочна постапка против Здружение на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 и и еднистven даночен број 4030997339917 застапувано од Лилија Чолакова –Дервишова - претседател заради непостапување по заклучокот бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Во барање за поведување на прекршочна постапка наведено е дека Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно законските надлежности со заклучок бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година (приложен како доказ кон барањето за поведување на постапка) го задолжил Здружението на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги достави следните документи и податоци:

- Сите ценовници кои Здружение на приватни лекари на Република Македонија ги има донесено/биле во сила од 2010 година до денот на приемот на овој заклучок и
- Објаснување на правниот основ за носење на ценовниците.

Целта на прибавувањето на податоците било истражување и утврдување на условите и начинот на формирање на цените од страна на приватни лекари во Република Македонија.

Со допис бр.07-251/2 од 22.10.2014 година, Здружението на приватни лекари на Република Македонија преку Гроздан Сутинов адвокат од Велес доставило известување по наведениот заклучок во кој се наведува дека Комисијата за заштита на конкуренцијата нема никаква законска и стварна надлежност да бара и да прибира известувања од Здружението на приватни лекари на РМ, бидејќи Комисијата за заштита на конкуренцијата може со заклучок да побара од претпријатија и здруженија на претпријатија да доставaт податоци во врска со нивната економско финансиска состојба.

Понатаму, во Известувањето се наведува дека Здружението на приватни лекари на РМ согласно Статутот и регистрацијата во Централниот регистар претставува и е здружение на граѓани на Република Македонија кои по професија се лекари. Во известувањето исто така е наведено дека дискреционо право на здружението е дали да достави одговор или не, при што здржението одлучило да се повика на стварна ненадлежност на Комисијата за

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

заштита на конкуренцијата и да го користи законски даденото дискреционо право да не одговори на ненадлежен орган.

Од Известување видно е дека Здружението на приватни лекари на РМ не постапи по Заклучок бр.07-251/1 од 06.10.2014 година со кој му беше побарано доставување на податоци во определен рок.

Приложен е доказ: Известување од Здружението на приватни лекари на РМ бр.07-251/2 од 22.10.2014 година, со прилози, полномошно и Решение од Централен регистар).

Понатаму во барањето Генераклниот секретар се наведува дека согласно член 3 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата Законот се применува на:

- претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа и
- јавни претпријатија, претпријатија на кои им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес, кои по својата природа претставуваат монополи кои прибираат приходи или имаат посебни и ексклузивни права или концесии, освен во случаите кога примената на одредбите од овој закон би го спречило извршувањето на надлежностите утврдени со закон или за кои што тие субјекти се основани.

Согласно член 5 став (1) алинеа 1 од Законот за заштита на конкуренцијата - "претпријатие" е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и др.), слободните професии (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари и др.), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правно или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има јавни овластувања или орган на државна управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не;

- "здружение на претпријатија" е здружение на две или повеќе претпријатија кое директно не врши економска активност, но има или може да има влијание на однесувањето на претпријатијата на пазарот, без оглед на формата на здружување;

Член 5 став (1) алинеа 1 од Законот за заштита на конкуренцијата јасно утврдува дека вршењето на слободната професија – лекар потпаѓа под законската дефиниција на „претпријатие“ па оттука јасно е дека Законот за заштита на конкуренцијата се применува и на лекарите, како слободна професија. Давањето на лекарски/здравствени услуги претставува вршење на економска активност и лекарите претставуваат претпријатија во смисла на член 5 став (1) алинеа 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бидејќи лекарите, членки на Здружението на приватни лекари на Република Македонија се претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, следствено Здружението на приватни лекари на Република Македонија претставува здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата без оглед на формата на здружување.

Во прилог на тоа дека Законот за заштита на конкуренцијата се применува и на Здруженија на претпријатија, кои формално се регистрирани како здруженија на граѓани, а согласно Законот за заштита на конкуренцијата претставуваат здруженија на претпријатија е и пресудата на Управниот суд У-5. Бр.907/2010 од 03.05.2012 година во која судот одлучувајќи по таужбата на АМД „Охрид„ Охрид во која бил наведен ставот дека Законот за заштита на конкуренцијата не се применува на Здруженија на претпријатија, кои формално се регистрирани како здруженија на граѓани, истиот не го прифатиле со потврдување на решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Исто така, и Вишиот управен суд одлучувајќи по жалбата на АМД „Охрид„ Охрид не го прифатил ваквиот став на тужителот потврдувајќи ја пресудата на Управниот суд (приложен е доказ: Пресуда У-5. Бр.907/2010 од 03.05.2012 година на Управниот суд на РМ и пресуда УЖ.бр.1047/2012 од 18.10.2012 година на Вишиот управниот суд).

Врз основа на горенаведеното Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Здружението на приватни лекари на Република Македонија има право да даде одговор во рок од осум дена од денот на приемот на заклучокот за поведување на постапка согласно член 32 став (6) од Законот за Законот за заштита на конкуренцијата.

**Правна поука:** Против овој заклучок не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор согласно член 32 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ" бр.145/10, 136/11 и 41/14).

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**